МИА 3

**До Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје**
gzime.asani@mnavigation.mk
info@mnavigation.mk

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку изнесува просечната плата во вашето АД?

2. Колкава е најниската, а колкава е највисоката плата во вашето АД?

3. Колкав е бројот на вработените?

4. Дали економската криза влијае врз ефикасноста во работењето на вашето АД?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- г) електронски запис

Начин на доставување на информацијата:
- г) е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 8 април 2021 година
[redacted]

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin ajror
М-НАВ АД - M-NAV SH.A.
Бр.-Nr 10-531/2
21-04 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, преку Извршниот директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции, во согласност со Одлуката на Управниот одбор бр. 02-363/13 од 23.03.2022 година и спроведениот „тест на штетност" арх.бр. 02-531/1 од 21.04.2022 година, постапувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер на Барат [redacted] новинар, МИА доставено преку е-пошта на официјалната адреса на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (info@mnavigation.mk) и на е-адреса на лицето за посредување со информации од јавен карактер Gzime.Asani@mnavigation.mk во „М-НАВ" А.Д. - Скопје на 08.04.2022 година, врз основа на член 20 став (1) и став (2), член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 17 став (4) од Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје(“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 31/20 - Пречистен текст), на ден 21.04.2022 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер на Барател [redacted] новинар, МИА доставено преку е-пошта на официјалната адреса на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (info@mnavigation.mk) и на е-адреса на лицето за посредување со информации од јавен карактер Gzime.Asani@mnavigation.mk во „М-НАВ" А.Д. - Скопје на 08.04.2022 година **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.**

2. **Се одбива** барањето од точка 1 од ова Решение во делот под реден број 1 и 2, и тоа:

1. Колку изнесува просечната плата во вашето АД?;
2. Колкава е најниската, а колкава е највисоката плата во вашето АД?

3. **Се одобрува** пристап до информации од јавен карактер во делот на точките под реден број 3 и 4 од барањето од точка 1 од ова Решение и тоа:

- Бројот на вработените во „М-НАВ" АД. – Скопје е 302 вработени на неопределено време.
- Економската криза влијае врз ефикасноста на нашето Друштво.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Барател [redacted]зска, новинар, МИА до Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје преку е-пошта на официјалната адреса на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (info@mnavigation.mk) и на е-адреса на лицето за посредување со информации од јавен карактер Gzime.Asani@mnavigation.mk во „М-НАВ" А.Д. - Скопје на 08.04.2022 година има поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое бара да и се достави информација: 1. Колку изнесува просечната плата во вашето АД?; 2. Колкава е најниската, а колкава е највисоката плата во вашето АД?3. Колкав е бројот на вработените?; и 4. Дали економската криза влијае врз ефикасноста во работењето на вашето АД?.

„М-НАВ" А.Д. – Скопје, постапувајќи по поднесеното барање во делот на точките 1 и 2 од барањето, а по претходно спроведениот тест на штетност согласно член 3 ст.1, ал.6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, одлучи како во изреката на решението, од следниве причини:

Заштитата на доверливост на информациите, заштитата на актите и документите кои се сметаат за деловна тајна се во латентен конфликт со правото на информираност на јавноста, односно јавниот интерес. При спроведување на тестот на штетност двете права беа поставени едно наспроти друго, при што се утврди дека доколку се дадат бараните информации од Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер на Бар[redacted], новинар, МИА доставено преку е-пошта на официјалната адреса на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (info@mnavigation.mk) и на е-адреса на лицето за посредување со информации од јавен карактер Gzime.Asani@mnavigation.mk во „М-НАВ" А.Д. - Скопје на 08.04.2022 година, тоа би значело повреда на актите со кои се уредува работењето на Друштвото, посебно во делот на платите. Во член 33 од Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје(кој е основниот акт на Друштвото со којшто се основа акционерското друштво, но едновремено е и основен општ акт со којшто се уредуваат односите, организацијата и функционирањето на ова друштво) утврдено е дека работните односи, платите и другите права од работен однос се уредуваат со Законот за воздухопловство и прописи донесени врз основа на него, Законот за работните односи, колективен договор, Законот за трговските друштва и другите општи акти кои ги донесува Управниот одбор.

Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје е основано од страна на Владата на Република Северна Македонија како акционерско друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловна навигација, согласно со Законот за трговските друштва. Имено, АД „М-НАВ" е акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација, **кое се финансира, од сопствени средства и не користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија.** Начинот на финансирање е утврден во член 60 –б од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), согласно кој Давателот на услуги на воздухопловна

навигација се финансира од: делот од надоместокот остварен по основ на давање на услуги на воздухопловна навигација чија висина се утврдува со трошковник на давателот на услуги на воздухопловна навигација на начин пропишан согласно со членот 56 став (4) на овој закон; надоместок за обука на ANS персонал и даноци, заеми, кредити и друга финансиска и техничка помош. Согласно член 56 од Законот за воздухопловство за користење на услуги на воздухопловна навигација во македонскиот воздушен простор, операторот на воздухопловот плаќа надоместок, кој се состои од надоместок со кој се финансираат трошоците за услуги за прелети (En Route Charges) и надоместок со кој се финансираат трошоците за терминални услуги (Terminal Charges). Надоместокот со кој се финансираат трошоците за услуги за прелети (En Route Charges) го наплатува EUROCONTROL и го пренесува на Агенцијата и на давателот на услуги на воздухопловна навигација врз основа на претходно склучен договор. Надоместокот со кој се финансираат трошоците за терминални услуги (Terminal Charges), го наплатува давателот на услуги на воздухопловна навигација или EUROCONTROL. Доколку надоместокот го наплатува EUROCONTROL истиот го пренесува на давателот на услуги на воздухопловна навигација врз основа на претходно склучен договор.Начинот на определување на висината на надоместокот, начинот на наплатата и ослободувањето од плаќање на надоместокот ги пропишува Владата на Република Северна Македонија во согласност со меѓународните договори ратификувани од Република Северна Македонија. Согласно Законот за воздухопловство подзаконските прописи предвидени со овој закон се изготвуваат во согласност со прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислатива на ЕУ, ICAO, ECAC, JAA/EASA и EUROCONTROL како и ратификуваните меѓународни договори. Меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои подзаконските прописи вршат само упатување, директно се сметаат за прифатени и се применуваат. Главниот извор на финансирање на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје произлегува од наплатата на надоместокот од услуги на воздухопловна навигација согласно Мултилатералната Спогодба за надоместоци од прелети според која договорните страни се обврзани наплатените износи во нивно име да ги користат за финансирање на трошоците настанати за давање на услуги за прелети.

Согласно Финансискиот план на „М-НАВ“ А.Д. Скопје за 2022 година, приближно 75% од вкупните расходи на друштвото се наменети за покривање на бруто платите на вработените.

Во оваа насока, а во однос на Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер на Барате [redacted] винар, МИА доставено преку е-пошта на официјалната адреса на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (info@mnavigation.mk) и на е-адреса на лицето за посредување со информации од јавен карактер Gzime.Asani@mnavigation.mk во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на 08.04.2022 година, со кое се бараат информации за износот на просечната плата, најниската и највисоката плата во „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, согласно член 105 од Законот за работните односи Работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување. Плаќањето на работата по договорот за вработување мора да биде секогаш во парична форма. При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој

непосредно го обврзува работодавачот. „М-НАВ“ А.Д. – Скопје исплаќа плата согласно закон и колективен договор.

„М-НАВ“ АД Скопје има склучено колективен договор на ниво на работодавач со три репрезентативни синдикални организации со кој се утврдуваат и доуредуваат правата, обврските и одговорностите меѓу работниците и Друштвото, а за кој колективен договор согласно член 231 од Законот за работните односи има доставено известување до Министерството за труд и социјална политика.

Платите на вработените во „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, односно коефициентите за различните звања врз основа на кои се исплаќа плата се дефинирани во Анекс 1 кој е составен дел на колективниот договор во кој е пропишано дека информациите во Анекс 1 **на овој колективен договор се доверливи и претставуваат исклучок од слободниот пристап на информации од јавен карактер (член 47 став (6) од КД).**

Согласно Статутот на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, „М-НАВ“ А.Д. – Скопје има и Правилник за деловна тајна и за исклучоци на слободен пристап до информациите (од самото формирање на Друштвото 2009 година) и согласно одредбите од овој Правилник како исклучок од слободниот пристап до информации од јавен карактер во „М-НАВ“ А.Д. - Скопје покрај другите се и информациите за платите на вработените и како деловна тајна се определени податоците за материјално – финансиското работење, кое покрај тоа што се води во согласност со позитивната законска регулатива на РСМ, истото е уредено и со меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики кои „М-НАВ“ А.Д. – Скопје е обрзано да ги почитува и постапува во согласност со истите, а кои согласно одредбите од Законот за воздухопловство директно се сметаат за прифатени и се применуваат. Во оваа насока од особена важност е да се напомене и член 35 од Законот за работните односи согласно кој Работникот не смее да ги искористи за своја сопствена употреба или да ги предаде на трето лице податоците што се сметаат за деловна тајна на работодавачот, кои како такви со посебен акт ќе ги определи работодавачот и кои му биле доверени на работникот или со кои бил запознат на друг начин. Работникот е одговорен за издавање на деловна тајна, ако знаел или би морал да знае за таквото својство на податоците.

Врз основа на се погренаведено, при проверка на последиците врз интересот на Друштвото кој се заштитува, од круцијално значење е дека последиците за „М-НАВ“ А.Д. –Скопје кои би произлегле од давање на бараните информации се поголеми од заштитата на јавниот интерес посебно поради фактот што со давање на бараните податоци во врска со платата во „М-НАВ“ АД. – Скопје не може да се открие злоупотреба на службена положба (плата се исплатува согласно закон, колективен договор и договор за вработување и за проверка на истото надлежен е Државниот трудов инспекторат), ниту коруптивно однесување; ниту ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства **(како што и погоре е образложено АД М-НАВ е акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација, кое се финансира, од сопствени средства и не користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија)**; ниту ќе се открие потенцијален судир на интереси; ниту ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето; ќе се спречи и открие загрозување на животната средина; ниту ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите. Оттука со објавување на информациите во врска со просечната плата во „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, најниската и највисоката

плата во „М-НАВ" А.Д.- Скопје, побарани со Барање за слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведено под арх.бр. 2022 година се цени дека ќе се направи повреда на прописите со кои се уредува работењето на Друштвото, дотолку повеќе што е извесно да настапат штетни последици во односниот случај. Воедно, со објавување на овие информации би можело да се создадат непотребни шпекулации во јавноста со кои би можело да настанат штетни последици врз угледот и реномето на „М-НАВ" А.Д. –Скопје како субјект во воздухопловната индустрија.

**Врз основа на се погоренаведено, имајќи го во предвид фактот дека платите во Друштвото се исплаќаат од сопствени средства и не се користат средства од буџетот на РСМ за да истото го засега интересот на јавноста и да претставува информација од јавен интерес, се цени дека ова ограничување има легитимна цел, заштита од причинување на штета поради непочитување и неизвршување на одредби од акти со кои се уредува работењето на Друштвото, заштита на угледот, интересите и деловното работење на Друштвото.**

Во делот на точките под реден број 3 и 4 од барањето за слободен пристап на информации од јавен карактер доставено по е-пошта на 08.04.2022г. се одобрува пристап до информации од јавен карактер, согласно што бројот на вработените во „М-НАВ" АД. – Скопје е 302 вработени на неопределено време и состојбата со пандемијата од Covid 19 што го зафати целиот Европски регион па и пошироко во 2020 година имаше директен и катастрофален удар врз воздушниот сообраќај и воздухопловството во целина, а како клучен сегмент на воздухопловството и врз давателите на услуги на воздухопловна навигација во Европа и пошироко.

Во оваа прилика Ве информираме дека во 2020 година, и покрај големиот број антикризни и рестриктивни мерки кои што ги спроведе „М-НАВ" А.Д. - Скопје заради катастрофалното влијание на пандемијата и падот на сообраќајот од 56,5% во споредба со 2019 година, забележа пад на приходите од приближно 10 милиони евра споредено со 2019 година што на крајот резултираше со финансиска загуба на Друштвото од 5,8 милиони евра на годишно ниво. Иако со помал интензитет и во 2021 година „М-НАВ" А.Д. - Скопје се соочи со намален обем на сообраќајот од 30,3% споредено со периодот од пред пандемијата, а воедно и со финансиски импликации врз работењето заради драстичното намалување на планираните приходи на Друштвото за 2020 и 2021 година.

Во текот на целиот овој период на времетрање на кризата „М-НАВ" А.Д. - Скопје не користеше било каков пакет за финансиско олеснување од страна на Владата на РСМ, ниту директна помош како поддршка за ликвидноста на компанијата или пак повластени кредити за финансирање на капиталните инвестиции. Поради намалениот финансиски капацитет, најголем дел од проектите планирани со Инвестиционата Програма на Друштвото за 2020 и 2021 година беа одложени за извесен период, т.е. за периодот по закрепнување на воздушниот сообраќај и за кое што „М-НАВ" А.Д. - Скопје во овој период интензивно работи за да обезбеди финансиска поддршка за нивна имплементација со средства од домашни и меѓународни кредитни институции. Притоа потенцираме дека Инвестиционата програма на Друштвото за 2022 година ги содржи веќе започнатите капитални инвестиции финансирани со средства од Европската банка

за обнова и развој (ЕБОР) како и минимум инвестиции од сопствени средства кои се неопходни за обезбедување на пред се безбедно, сигурно и непречено давање на услугите на воздухопловна навигација во 2022 година.

Во моментов е крајно неизвесно да се предвиди идниот одржлив развој ако се земат во предвид сите предизвици и минати настани (пандемијата со Covid 19) кои што имаат негативно влијание врз состојбите во авио-индустријата. Прогнозите за закрепнување и нормализација на воздушниот сообраќај како и можните сценарија за одвивање на сообраќајот во периодот од 2021-2027 година (публикувани се 3 сценарија од страна на Eurocontrol) сеуште се неповолни по авио-индустријата. И најоптимистичното сценарио предвидува бавно закрепнување кое ќе трае неколку години и нормализација на сообраќајот се очекува дури во текот на 2024 година, односно враќање на нивото кое што беше пред кризата со пандемијата. Тековно, дополнителна неизвесност и негативни ефекти во однос на цената на енергенсите и економскиот развој предизвикуваат и воените дејствија предизвикани со Руско-Украинскиот конфликт. Сите овие фактори остануваат на среден до долг рок да влијаат врз севкупниот економски развој, потенцијални ограничувања во трговската размена и рестрикции во патувањата, како и ограничувања во одредена мерка на инвестициите во нови технологии.

Врз основа на горенаведеното, се донесе Решение како во диспозитивот.

Извршен директор за финансиски
работи, правни работи, развој и
инвестиции
Drejtor Ekzekutiv për çështje financiare,
ligjore, zhvillim dhe investime

Migjen Salmani

АД Скопје M-НАВ M-NAV SHA Shkup

**Службено лице за посредување**
**При остварување на правото на**
**слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Gzime Asani**

Правна поука: Против ова Решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

Доставено до:
- Барател на информација;
- документација;
- архива